**NEPTUN**

Групацијата БАЛФИН (Балканска финансиска инвестициска групација) е една од најзначајните и најуспешните инвестициски групи во регионот на Западен Балкан. БАЛФИН Групацијата е присутна во Австрија, Албанија, Косово, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Црна Гора и Холандија, и вработува приближно 6.000 луѓе. Активностите на групацијата БАЛФИН вклучуваат развој и управување со недвижнини, малопродажба, рударска индустрија, банкарство, туризам, енергија, логистика итн. Групацијата БАЛФИН расте стабилно и има позитивно влијание врз заедниците преку економски развој, раст на можностите за вработување, иновација и социјални инвестиции.

## БИДИ ДЕЛ ОД НАШИОТ ТИМ

# ПОЗИЦИЈА: СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА ДАТА БАЗИ И РЕПОРТИНГ

ЛОКАЦИЈА: СКОПЈЕ АКТИВЕН ДО: 03/01/2021

Нептун Македонија е во потрага по компетентен кандидат, кој ќе биде одговорен да ги анализира и евалуира деловните системи и потреби на корисниците на овие системи. Документира барања, дефинира цели и кориснички барања и ги формулира системите да бидат во согласност со деловната стратегија на компанијата. Врши подобрувања на функционалноста на системите преку анализа на моменталните практики и дизанирање на модификации, дава поддршка на развојот и имплементација на новите софтвери во компанијата. Дефинира барања за проекти и подготвува проектен и временски план, дефинира фази и елементи на проект, формира проектни тимови и воспоставува буџети. Го следи прогресот на проектите, решава проблеми, подготвува извештаи за прогрес и препорачува следни активности. Подготвува технички извештаи преку собирање, анализа и сумирање на информации и трендови, и подготвува извештаи за реализација на деловниот план. Подготвува финансиски, продажни, продуктни, пазарни, оперативни и слични истражувања да го подржи стратешкото и деловно планирање на компанијата.

## Вештини и квалификации:

- Високо образование од областа на ИТ, data science или сродна област
- Најмалку 3 години искуство со бази на податоци и деловни системи
- Напредно познавање на MySQL, развој и одржување на DWH
- Одлично владеење на напредни функции во Excel (PowerPivot, Power Query)
- Одлично познавање на англиски јазик
- Познавање на EDI и ETL ќе се смета за предност
- Искуство со автоматизација на репортинг преку scripting јазици ќе се смета за предност
- Аналитички ум, природна способност за разрешување проблеми и ориентација кон детали
- Комуникациски способности и способност за преточување на податоците во корисни информации за бизнисот

**Што нудиме?**

- Одлични услови за работа во средина со амбициозен и професионален тим
- Континуирана обука и можност за напредување
- Работно време од понеделник - петок, од 8-16:00 часот

Доколку сте заинтересирани за работната позиција, а воедно ги поседувате потребните квалификации, ве покануваме да аплицирате преку означеното поле.

ДОЗВОЛИ ТВОЈОТ ПОТЕНЦИЈАЛ ДА БИДЕ ПРЕПОЗНАЕН!

**NEPTUN**